# Информации за договорувачот на осигурување пред склучување на договор за осигурување, односно при измени/дополнување или продолжување на договор за осигурување

## 1. За нас

Осигурително брокерско друштво Порше Брокер АД Скопје, со седиште на бул. Босна и Херцеговина бр.3, 1000 Скопје, и контакт телефон + 389 2 2666 618, е основано во 2015 година од страна на Porsche Bank AG, како единствен сопственик, со седиште во Салцбург, Австрија..

Порше Брокер АД Скопје е дел од Порше Финансиска Групацијаа Македонија, при што врши посредување во осигурување за следните класи:

- Класа 03 – каско осигурување на моторни возила
- Класа 10 – осигурување од автомобилска одговорност
- Класа 01 – осигурување од незгода

Порше Брокер АД Скопје ги штити интересите на клиентите, што вклучува давање појаснувања и совети на осигурениците за сите околности релевантни за нивното одлучување во однос на склучување на договори за осигурување за одделни класи на осигурување, или по однос на одделни друштва за осигурување. Воедно, укажува помош на осигуреникот во текот на важење на договорот за осигурување, како пред, така и по настанување на осигурениот настан, а особено да обезбеди дека осигуреникот ги извршил правните дејствија во предвидените рокови, а кои се предуслов за стекнување и уживање на правата кои произлегуваат од договорот за осигурување.

Клиентот задолжително треба да се информира и да ги прочита општите и посебите услови кои се составен дел на договорот за осигурување, а кои се објавени на страната на Порше Брокер АД Скопје www.porschebroker.com.mk и на официјалната веб страна на друштвата за осигурување со кои Порше Брокер АД Скопје има склучено договори за осигурително брокерски работи.

## 2. Вработени Брокери

Осигурителен Брокер : Даниела Јовановска, бр. на решение 07-4-959, со датум на издавање на лиценца 20.05.2014, е-маил: daniela.jovanovska@porschebroker.com.mk
Осигурителен Брокер : Зоран Грујевски. бр. на решение 19-3-137, со датум на издавање 06.02.2019, , е-маил zoran.grujevski@porschebroker.com.mk
Заведени во Регистарот на Брокери кој е поставен на официјалната web страна www.porschebroker.com.mk и на страната на Агенција за супервизија на осигурување.

## 3. Порше Брокер АД Скопје има склучено договори за вршење на осигурително брокерски работи со следните друштва за осигурување:

- АД Осигурителна полиса Скопје, со седиште на бул. Климент Охридски бр.25, 1000Скопје, и веб адреса www.ospol.mk ;
- Евролинк осигурување АД Скопје, со седиште на ул. Пиринска бр.23, 1000 Скопје, веб адреса www.eurolink.com.mk;
- Сава Осигурување АД Скопје, со седиште на ул. Железничка бр.41, 1000 Скопје, веб адреса www.sava.mk;
- Уника Осигурување АД Скопје, со седиште на бул. Илинден бр.1, 1000 Скопје, веб адреса www.uniqa.mk;
- Кроација Осигурување АД Скопје, со седиште на ул. Јордан Мијалков бр.41, 1000 Скопје, веб адреса www.crosig.mk;
- Триглав Осигурување АД Скопје, со седиште на бул.8-ми Септември бр.16, 1000 Скопје, веб адреса www.triglav.mk
- Халк Осигурување АД Скопје, со седиште на ул. Мајка Тереза бр.1, влез 2, 1000 Скопје, веб адреса www.halkinsurance.com.mk

*Провизии:*

| **Провизии за вршење посредување при класа 03- каско осигурување:** | | **Провизии за вршење посредување при класа 10 осигурување од автомобилска одговорност и класа 01 - незгода:** | |
|---|---|---|---|
| • Сава осигурување | 18% | • Сава Осигурување | 23% |
| • Евролинк осигурување | 30% | • Евролинк осигурување | 30% |
| • АД Осигурителна Полиса | 22% | • АД Осигурителна Полиса | 22% |
| • Кроација осигурување | 30% | • Кроација Осигурување | 30% |
| • Уника Осигурување | 21% | • Уника Осигурување | 26% |
| • Триглав Осигурување | 21% | • Триглав Осигурување | 26% |
| • Халк Осигурување | 30% | • Халк Осигурување | 30% |

PORSCHE
BROKER
MEMBER OF PORSCHE BANK GROUP

## 4. Поврзаност со друштвата за осигурување

Осигурителното брокерско друштво Порше Брокер АД Скопје и вработените брокери немаат квалификувано учество во капиталот на друштвата за осигурување со кои ќе биде склучен договор за осигурување, ниту постои можност да оствари 10% или повеќе од правата на глас во тие друптва за осигурување.
Друштвата за осигурување или со нив поврзаните лица немаат квалификувано учество во капиталот, ниту постои можност да остварат 10% или повеќе од правата на глас во Оигурителното брокерско друштво Порше Брокер АД Скопје.

## 5. Право на приговор и вонсудско решавање

Во случај на повреда на право или интерес во врска со работата на друштвото за осигурување и/или Осигурителното брокерско друштво Порше Брокер АД Скопје, односно доколку корисникот е незадоволен од услугите на друштвото за осигурување и/или Осигурителното брокерско друптво Порше Брокер АД Скопје, а особено во врска со договорот за осигурување, корисникот на услугите на осигурување може да поднесе приговор лично или преку свој застапник, односно полномошник, во писмена форма, на еден од следните начини:

а) Доколку приговорот се поднесува преку Друштвото за осигурително брокерски работи

- Во деловните простории на Друштвотоза осигурително брокерски работи
- Со допис на адреса на Друштвото за осигурително брокерски работи: Порше Брокер АД Скопје, бул. Босна и Херцеговина бр.3, Скопје
- Со испраќање во електронска форма на e-mail адресата на Друштвото за застапување: info@porschebroker.com.mk

б) Доколку приговорот се поднесува директно до друштвото за осигурување, на еден од следните начини:

- Во деловните простории на друштвото за осигурување
- Со допис на адреса на друштвото за осигурување
- Преку интернет страницата на друштвото за осигурување
- Со испраќање во електронска форма на e-mail адресата на друштвото за осигурување
- Преку контакт телефон на друштвото за осигурување

Договорните страни имаат право на вонсудско решавање на спорот во случај на повреда на правата кои произлегуваат од договорниот однос.

## 6. Како да се постапи во случај на штетен настан

Во случај на штетен настан потребно е да се повика интервенција од полиција да се состави полициски записник и во рок од 3-5 дена да се пријави штетата во дирекцијата на друштвото за осигурување во кое е склучен договорот за осигурување.

## 7. Надлежен орган

Агенција за супервизија во осигурување, со седиште: ул. Македонија бр.25, кат 5, 1000 Скопје, е-маил: contact@aso.mk, каде може да се поднесат приговори, поплаки и жалби при осигурување.

Клиент

------------------------------------------                                Скопје, --------------------------------------------

Порше Брокер АД Скопје

Датум: 24.04.2025
Контакт : Даниела Јовановска, тел за контакт: 072/807-845

Е-пошта: daniela.jovanovska@porschebroker.com.mk